# СОНК СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ ДО ОПШТИНИТЕ ВО БОРБА ПРОТИВ КОВИД-19

**Почитуван/а г-дин/ѓа градоначалник,**

Од името на членовите на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, Ви се обраќам со ова писмо со мое лично убедување дека ќе му посветите максимално внимание и дека во рамките на Вашите надлежности ќе постапите по него.

Имено, Вие како градоначалник и како Општина имате големи надлежности врз организирање на работата и воспитно-образовниот процес во училиштата од Вашата Општина, а особено во овој период на пандемија од смртоносниот вирус Ковид-19. Од таа причина, се обраќаме до Вас со упатување на неколку предлози од наша страна, со што сметаме дека ќе придонесеме заеднички во намалување на ризикот од ширење на заразата помеѓу вработените во училиштата и што е најважно, спречување на евентуални можни кобни последици.

1. Безусловно почитување на одредбите од Законот за безбедност и здравје при работа, при што директорите на училиштата треба да изготват и спроведат Изјава за безбедност за секое работно место. Исто така, согласно овој закон, да се изработи Проценка на ризик на работните места, како и утврдување на Ковид возраст на вработените.
2. Како резултат од погоренаведеното, Ви предлагаме да извршите реорганизација на работниците и тоа:

-повозрасните работници и работниците кои имаат поголема Ковид возраст да се префрлат на работни места коишто ќе бидат со помала можност за физички контакт со други луѓе односно со помал ризик од зараза;

-работниците кои своите работни обврски можат да ги извршуваат по електронски пат од далечина, да им се дозволи тоа да го прават во домашни услови;

-на сите оние наставници, кои изведуваат настава од далечина од училишните простории, доколку изразат желба тоа да го прават во домашни услови, со сопствен интернет, компјутер итн., тоа да им биде дозволено од страна на директорот;

-на оние наставници, коишто патуваат до училиштето со јавен градски превоз или групирани во приватни возила, каде што за жал нема соодветни услови за настава од далечина, по нивно барање да им се овозможи настава од далечина од дома;

-во паралелките каде што се изведува настава со физичко присуство, освен веќе пропишаните заштитни мерки и средства, да се користат и UV светилки кои што се докажани во стерилизација на просторот.

За дел од овие предложени конкретни мерки СОНК и МОН веќе разговараа и ги усогласија ставовите, а како резултат на тоа, од страна на Министерката за образование и наука, на 21.10.2020 година, беше упатено Известување до директорите на училиштата, со можност за организација и реорганизација на воспитно-образовниот процес.

**Почитуван/а,**

Во услови на секојдневно зголемен број на заразени и починати луѓе во државата, ова би бил наш заеднички скромен придонес во борбата за спречување од ширење на оваа опасна болест и од името на двете институции што ги претставуваме, како и според надлежностите што ги имаме, би биле пресреќни доколку се превземат конкретните предложени заштитни мерки и со тоа, како општествено одговорни лица, би спасиле можеби и многу човечки животи.

**Со почит,**

Претседател,

Јаким Неделков с.р.

---

# 4 –та РЕДОВНА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА СОНК

## ТРГНЕТЕ ГИ РАЦЕТЕ ОД СОНК

### РЕАКЦИЈА НА СОНК ВО ВРСКА СО НАПАДИТЕ ОД ВИСОКИ ПРЕТСТАВНИЦИ ОД СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКИОТ СОЈУЗ

Советот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија ( СОНК ) , на седницата одржана на 15-10-2016 година, расправаше во врска со зачестените напади врз СОНК од страна на високи претставници на една од политичките партии во Република Македонија. Во подолг период, а особено во последно време, со ваквите политикантски активности, СДСМ прави повреда на уставно загарантираното право на синдикално организирање и активност, а во исто време со притисоците што ги врши врз СОНК прави кривично дело ,санкционирано со Кривичниот законик на Р.М.

Досега не е познат случај во периодот од самостојноста на Р.Македонија, политичка партија, јавно преку прес-конференции да врши напади со невистини, шпекулации и целосни дезинформации за активности на легитимен и легален Синдикат во Република Македонија, кој е и членка на сите меѓународни асоцијации на синдикално организирање. Ваквото однесување е без преседан и во пошироки рамки, а особено не на просторите

на Европскиот континент.

Вчудоневидува фактот , потпретседател на оваа политичка партија преку прес-конференција, одржана на 23-ти септември о.г. да врши невиден напад врз најголемиот грански синдикат во државата,а на протестот организиран од страна на истата политичка партија за време на празникот 11 октомври, група на нивни преставници пред седиштето на СОНК, повторно во име на споменатата политичка партија, со транспаренти атакуваа врз нашиот Синдикат и вчерашниот ден, претседател на комисија за образование на општинската организација од Прилеп, повторно преку прес-конференција, со пласирање на целосни невистини изврши груб напад врз СОНК.

Советот на СОНК, го повикува највисокото раководство на Социјал- демократскиот сојуз веднаш да превземат мерки, согласно Уставот, законите и меѓународните конвенции, да престанат ваквите вчудоневидувачки однесувања и да ги тргнат целосно обидите за рушење на угледот, со крајна цел и разбивање на нашиот Синдикат.

Советот на СОНК, укажува дека, доколку не бидат превземени бараните мерки од страна на споменатата политичка партија, веднаш ќе побараме да дојдат претставници од Интернационалата за образование и Европската конфедерација на синдикатите за образование, чија редовна членка е СОНК повеќе од деценија и пол, како и Меѓународната организација за труд, со цел на лице место да бидат запознати со сите овие случувања и со конкретни докази за истото. Исто така, СОНК ќе ги информира и амбасадите во Република Македонија, вклучително и Амбасадата на европската унија.

СОНК го има правото да превземе и други мерки, во одбрана на самостојноста и интегритетот на организацијата и тоа ќе се случи доколку, повторуваме, в е д н а ш не престанат досега невидените однесувања на политичка партија во подолг временски период и не само во нашата држава.

# СОНК реагира во однос на расределбата на средствата од буџетот на Република Македонија, преку Министерството за култура на име за проекти

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК реагира во однос на расределбата на средствата од буџетот на Република Македонија, преку Министерството за култура на име за проекти, на кои конкурираат организации од невладиниот, односно граѓанскиот сектор.

Имено, СОНК реагира на, според нас, нефукционалното трошење државни пари, обезбедени преку Министерството за култура за дел на проекти кои всушност со ништо не ја отсликуваат, презентираат или воздигнуваат културата во Република Македонија, особено не преку финансирање на проекти кои во најмала рака се сомнителни во оправданоста да бидат одобрени преку ова Министерство, како и проекти кои се поднесени од членови на комисии и кои одлучуваат за доделување на средства за туѓи, но и за свои апликации.

Огромно е разочарувањето кај културните работници кои се вработени во установите од културата, а кои реално се едни од најслабо платените работници во Јавниот сектор и очигледно се заборавени од страна на државата. Се чини дека Министерството за култура не е заинтересирано да го потпише и имплементира

Колективниот договор за култура, со тоа и да се надмине проблемот со различните плати во оваа дејност, воедно и да се подигне висината на платите на ниво со кое што на културните работници ќе им се врати достоинството на нивната професијата.

За таа цел, СОНК апелира до Министерството за култура итно да продолжат преговорите за потпишување на Колективниот договор, како и обезбедување на средства за имплементација на истиот. Во спротивно на сите ќе ни биде јасно дека државата нема интерес за подигнување на социјалниот статус и мотивираноста на работниците во една од најзначајните дејности во државата, што е обележје на вековното постоење и културно воздигнување на народите што живеат во Република Македонија.

---

# Наставниците едукатори ја започнаа реализацијата на проектот YouWell

На 01.10.2023 година, 5-те наставници, кои беа избрани на јавниот повик на СОНК за учесници во проектот Sustaining Young Teachers’ Wellbeing at School –YouWell (2022-1-BG01-KA220-SCH-000085901), отпочнаа да ја реализираат својата програма. Имено, секој од нив избра по тројца млади наставници, на кои во следните девет месеци ќе им ја пружаат неопходната помош за да навлезат во тајните на наставничката професија, како и дополнително да ја засакаат оваа благородна работа.





Наставниците – едукатори одговорија на прашалник, кој придонесе да се добие појасна слика за профилот и потребите на помладите наставници. Тие со своите колеги работат групно и индивидуално, каде се разговара за задачи и конкретни цели кои треба да се постигнат за периодот додека трае проектот.







Наставниците – едукатори се подготвени да го вложат сиот свој капацитет и искуство во работата со младите наставници, со цел да изградат профил на наставник кој ќе ги задоволи и најстрогите критериуми за квалитетен наставник.







---

# ПРВА РАБОТНА СРЕДБА ПОМЕЃУ СОНК И МТСП

Денес, 10.09.2020 година, во просториите на Министерството за труд и социјална политика е остварена прва работна средба помеѓу министерот за труд и социјална политика, г-ѓа Јагода Шахпаска и претседателот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, г-дин Јаким Неделков.

На работната средба беа отворени повеќе прашања во надлежност на двете институции, а со цел надминување на одредени проблеми кои ги засегаат вработените во установите за згрижување и воспитување на децата – детските градинки.

Главен акцент, од страна на претседателот на СОНК, беше ставен на прашањето околу работното време на воспитувачите и негувателите во детските градинки.

На работната средба, по однос на ова прашање, министерката зазема цврст став за потребата за продолжување на работното време, поточно 40-часовно работно време, повикувајќи се на општествена одговорност од страна на секој граѓанин, во услови на пандемија од Ковид- 19.

Претседателот на СОНК укажа на почитување на Законот за заштита на деца и Колективниот договор, каде е регулирано работното време и за воспитувачите и за негувателите.

Од оваа причина, СОНК апелира до директорите од детските градинки да ги почитуваат пропишаните важечки акти во нашата држава, кои ги регулираат поблиску правата и обврските на вработените од оваа дејност. Воедно ги охрабруваме членовите на СОНК да продолжат со работното време согласно Законот за заштита на деца и Колективниот договор, а доколку се наметне ново работно време од директорите, да бараат тоа да биде исклучиво наредба по писмен пат.

СОНК стои отворен за соработка со Министерството за труд и социјална политика и директорите на установите и се надева дека во најкраток можен рок, по пат на искрен социјален дијалог, ќе го надмине овој проблем, со што не би имало потреба од превземање на други чекори за заштита на правата на нашите членови.

---

# ЗАВРШИЈА ЕДУКАТИВНИТЕ СЕМИНАРИ СО РЕГИОНАЛНИТЕ ОДБОРИ НА СОНК

# СИЛНО ПОТВРДЕНА ПОТРЕБАТА ЗА СИНДИКАЛНА ЕДУКАЦИЈА

Во текот на овој месец, се одржаа и последните три едукативни семинари и тоа во регионалните одбори на СОНК : Куманово, Карпош и Центар. Од првиот семинар одржан во почетокот на месец февруари ( регион Делчево ), до последниот одржан во втората половина на месец мај ( регион Центар), практично беа одржани семинари во сите 20 регионални одбори на СОНК. Првична оценка од вкупно 573 претседатели на синдикални организации, присуствуваа над 95% од вкупниот број.

Стручната служба на СОНК ќе изготви опстојна анализа за одржаните семинари, со посебни согледувања на секој поединечен регион и заедничка анализа на сите дваесет семинари. Таквата анализа треба да ги согледа вистинските состојби во исклучително важниот дел на синдикалната активност на нашиот Синдикат, во делот на познавање на најважните одредби од законите што ги регулираат правата од работен однос, колективните договори, потпишани од страна на СОНК и документите усвоени од Конгресот на СОНК ( Статут, Програма, Резолуции и сл. )

Врз основа на оваа анализа , раководството на СОНК и особено Советот на СОНК, ќе треба да договорат конкретни натамошни активности за отстранување на констатираните слабости и тоа во исклучително важниот дел од раководната структура на СОНК, односно претседателите на синдикалните организации.




Како првичен заклучок, неспорно е дека семинарите во регионалните одбори на СОНК во целост го оправдаа нивното одржување и создадоа многу солидна основа за натамошни активности во јакнење на квалитетното функционирање на организацијата, со ставање на акцент на синдикалните организации како темел на нашиот Синдикат.



# СОВЕТОТ НА СОНК НА 05-09-2015 ГОД. ЈА ОДРЖА I-ТА СЕДНИЦА ВО НОВ СОСТАВ

## VI- ОТ КОНГРЕС НА СОНК ОДЛУЧЕНО ДА СЕ ОДРЖИ НА 12 ДЕКЕМВРИ 2015 ГОДИНА

Советот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура (СОНК) во нов состав, по извршените избори во Регионалните одбори на СОНК во 2015 година, ја одржа 1- та редовна седница.

На почетокот, претседателот на СОНК, Јаким Неделков, кој раководеше со работата на седницата, имаше воведно излагање за активностите на СОНК во врска со спроведување на Одлуката за распишување на редовни избори во синдикалните организации и регионалните одбори за 2015 година. Претседателот Неделков истакна дека во еден дел од синдикалните организации беа пробиени и крајните рокови за одржување на изборите во истите, со што се создадоа објективни причини за пролонгирање на изборите во регионалните одбори на СОНК, а со тоа и причина за неминовно пролонгирање на активностите за одржување на VI-от Конгрес на СОНК. Исто така, од десетина синдикални организации на СОНК беа поднесени Приговори од група на членови на СОНК, со кои беше оспорена регуларноста на изборите и тоа беше дополнителна причина за одлагање на изборите во три регионални одбори на СОНК, а во два регионални одбори на СОНК поради годишните одмори и барање за пролонгирање на изборните состаноци од повеќе синдикални организации, сеуште не се извршени изборите во овие региони.

Советотна седницата утврди Предлог – Извештај за работата на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р.М. (СОНК), за периодот октомври 2010-2015 год., Предлог –

Програма за активностите на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р.М. (СОНК), за периодот октомври 2015 – октомври 2020 год. и истите се ставени на расправа пред сите синдикални организации на СОНК, која ќе трае до 20 октомври 2015 година. Исто така, Советот на СОНК усвои Критериуми за предлагање на можни кандидати за претседател на СОНК, според кои синдикалните организации на СОНК ќе можат да дадат предлози за претседател на СОНК, кои согласно Критериумите ќе бидат сумирани на ниво на Регионален одбор, а потоа ќе бидат доставени до Советот на СОНК.

Согласно претходно наведените пролонгирања на изборните активности во синдикалните организации и регионалните одбори на СОНК, Советот на СОНК едногласно одлучи да се продолжи рокот за организирање и одржување на VI – от Конгрес на СОНК, да се одржи на 12 декември 2015 година.

---

# СОВЕТОТ НА СОНК донесе Констатации и Заклучоци во врска со Предлогот на Владата за новата методологија на пресметка на плати во јавниот сектор

Советот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, на ден 03.07.2023 година ја одржа својата 20-та редовна седница, на која се изврши анализа и се расправаше во однос на актуелните преговори за Општиот колективен договор за јавниот сектор на

Република Македонија.

Посебен акцент беше ставен на Предлогот на Владата за новата методологија на пресметка на плати во јавниот сектор, а се расправаше и за други прашања во надлежност на СОНК.

По извршената аналза и опширна расправа, Советот на СОНК едногласно донесе Констатации и Заклучоци, кои може да ги погледнете **ТУКА**.

---

# СОВЕТОТ НА СОНК ДОНЕСЕ ЗАКЛУЧОЦИ ЗА РЕФОРМИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И КАРИЕРНИОТ РАЗВОЈ

**ОДРЖАНА 24-ТА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА СОНК**

На 12-01-2021 година Советот на СОНК, во проширен состав, on-line ја одржа својата 24-та редовна седница, на која што беа разгледани повеќе прашања за актуелни состојби во детските градинки, основното, средното, високото образование и наука, како и културата.

Како дел од активностите на СОНК, кои беа предмет на расправа во синдикалните организации на СОНК во основните училишта, секако и како една од актуелните теми беше Нацрт-Концептот за реформи во основното образование. Советот на СОНК, по опширната расправа темелејќи ја на доставените записници од синдикалните организации, констатира дека СОНК ја поздравува иницијативата за реформирање на образованието и смета дека истата е неопходна, но избрзана, без создавање на неопходни

услови за непречено одвивање на истата, без претходно отстранување на слабостите за нејзино успешно реализирање и со многу неодговорени прашања и детали во самиот документ Нацрт-Концепт за реформи во основното образование.

Од погоре наведените причини, Советот на СОНК донесе заклучок, во интерес на поуспешно реформирање на основното образование, дека треба оваа иницијатива да се одложи или да се спроведат пилот училишта во кои би се отпочнала истата и врз основа на резултатите во тие училишта да се детектираат и отстранат евентуалните слабости, да се констатираат добрите страни, а потоа да се преземат чекори за спроведување на реформите.

На оваа седница Советот на СОНК го отвори и прашањето околу веќе објавениот јавен повик за кариерен развој на наставниците во основно образование, поточно за наставници ментори. И по однос на ова прашање, членовите на Советот на СОНК го поздравуваат овој чекор на МОН, што впрочем е и заложба на СОНК уште со потпишаните колективни договори во кои се предвидени напредувања на наставниот кадар, но смета дека е избрзан чекор, без доволен временски период за аплицирање, дискриминаторски во однос на наставниците во средното образование. Исто така, спротивен на Правилникот за начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценување на пристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на звањето наставник-ментор и наставник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисиите.

Советот на СОНК, по однос на овие две многу важни прашања, донесе заклучок дека истите треба да се преточат во документ, кој ќе биде доставен до министерот за образование, а во исто време да се побара и работна средба, на која ќе се пренесат ставовите на СОНК.

Дел од членовите на Советот го отворија и прашањето за зголемување на работното време на воспитувачите и негувателите во некои градинки односно работно време во група со деца.

Заклучокот беше дека треба што поскоро да се искористат правните механизми за одбрана на правата на работниците.

Советот на СОНК беше информиран од страна на претседателот дека Колективниот договор за високо образование и наука е во завршна фаза на изработка и се очекува истиот да биде потпишан во најскоро време.

Заклучоците кои се испратени до МОН може да ги погледнете тука.

---

# СОНК ДОДЕЛИ ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НАСТРАДАНИИТЕ ОД ПОПЛАВАТА

## Вклучувајќи се во акцијата за солидарност со настраданите семејства, СОНК уплати паричен износ…

Вклучувајќи се во акцијата за солидарност со настраданите семејства, кои претрпеа огромна штета од неодамнешната поплава што ја зафати Република Македонија, особено неколку посебни делови во Скопје и околината, како и во тетовскиот регион, на посебната сметка на Црвениот Крст на Република Македонија, СОНК уплати паричен износ од 150 000 денари. Раководството на СОНК смета дека најприкладно беше да се доделат директно финансиски средства, бидејќи во Црвениот Крст на Република Македонија најдобро ги знаат најитните потреби што ги има погоденото население, отколку да доделуваме пакети со продукти со храна или облека, која можеби во овој момент не е толку

потребна или веќе ја има во доволни количини.

Придржувајќи се целосно кон воспоставените принципи на нашиот Синдикат, а во тој контекст, имајќи предвид дека се работи за чисто хуманитарна активност, раководството не ни помислува оваа состојба да се користи за правење на било каков маркетинг и затоа не е доставена никаква информација преку средствата за јавно информирање.

Раководството ќе превземе и додатни активности за кои смета дека нашата организација може да ги организира, со цел да им се олесни состојбата на оштетените од оваа природна катастрофа.